Влада на Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за локална самоуправа |
| Назив на предлогот на закон: | ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА |
| Одговорно лице и контакт информации: | Јулијана Павковска Боцевска<br>drzavensekretar@mls.gov.mk<br>Сузана Најкова<br>snajkova@mls.gov.mk |
| Вид на Извештај: | ☒Нацрт<br>☐Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☒ Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија<br>☐НПАА<br>☐ Заклучок на Владата на Република Северна Македонија<br>☒ Акциски План за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 - 2026, за периодот 2024 – 2026 |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ: | / |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации: | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 12.03.2025 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за јавна администрација: | 14.04.2025 година |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за јавна администрација | 15.04.2025 година |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | Април 2025 година |

Влада на Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### 1.1 Опис на состојбите

Локалната самоуправа е темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија. Со Уставот е утврдено правото на граѓаните на локална самоуправа, а притоа се гарантира самостојност на единиците на локалната самоуправа при вршењето на надлежностите. Одделот V од Уставот ја дефинира основната правна и институционална рамка за локалната самоуправа, обезбедувајќи на граѓаните право на учество во локалното управување и прецизно утврдувајќи ги надлежностите и организацијата на општините и Градот Скопје. Овие одредби го поставуваат темелот за развој на демократијата на локално ниво, при што локалните власти добиваат автономија и одговорност за управување со прашањата од локално значење, додека државата ја задржува улогата на вршење надзор и давање на поддршка. Уставните одредби се разработени со системскиот Закон за локалната самоуправа, а потоа и со други засебни закони со кои се доуредуваат специфични аспекти на функционирање на системот на локалната самоуправа како што се Законот за територијалната организација на локалната самоуправа, Законот за Градот Скопје и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

Законот за локалната самоуправа е структурно усогласен со Европската повелба за локалната самоуправа на Советот на Европа како и со пропишаните уставно-правни темели на локалната самоуправа, концептот и рамката на локалната самоуправа, како и други структурни аспекти за воспоставување и развој на локалната самоуправа и локалната демократија.

Со Законот за локалната самоуправа се уредуваат: надлежностите на општината; непосредното учество на граѓаните во одлучувањето; организацијата и работата на органите на општината; општинската администрација; актите на органите; имот - сопственост на општината; надзорот над работата на органите на општината; распуштањето на советот на општината; механизмите на соработка меѓу општините и Владата на Република Северна Македонија; месната самоуправа; заштитата на локалната самоуправа; утврдување на службени јазици во општините и други прашања од значење за локалната самоуправа.

Направената партиципативна оценка на спроведувањето на законот во изминатите повеќе од две децении, како и други поврзани анализи и извештаи резултираа со наоди за постоење на предизвици во спроведувањето на дел од одредбите на законот. Истовремено, во изминатиот период направени се усогласувања со правото и стандардите на ЕУ во низа засебни закони со кои се доуредуваат надлежностите на локалната самоуправа, што налага потреба овие измени да бидат соодветно рефлектирани во Законот за локалната самоуправа како системски закон со кој се уредува делокругот на надлежности на локалната самоуправа.

Воочените предизвици се првенствено поврзани со постоење на правни празнини, недоречености и недостатоци кои влијаат врз одредени функционални аспекти на системот на локалната самоуправа и налагаат потреба од подобрување на текстот на законот. Ова особено се однесува на транспарентноста и отчетноста на органите на општините – градоначалниците и советите како и нивните јавни служби, на учеството на граѓаните во одлучувањето за прашања од јавен интерес во општините, механизмите за осигурување на комунален ред во општините и ефикасен инспекциски надзор, создавањето на еднакви можности за жените и мажите, спречувањето на корупцијата и конфликтот на интереси, и дигитализацијата на општинските услуги.

Последниот извештај на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2024 година повикува на итна реформа на системот на локалната самоуправа која треба да се спроведе низ засилен дијалог на centаралната со локалните власти. Партиципативната подготовка на предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за локалната самоуправа е конкретен чекор во насока на спроведување на оваа препорака на Европската Комисија.

### 1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување

Во предложение се резимирани клучните причини за иницирање на измени и дополнувања на Законот за локалната самоуправа, а со кои се адресираат воочени предизвици при спроведување на законот.

Еден од најсуштинските предизвици е недостатокот на силен но истовремено демократски, фер и правичен механизам за осигурување на отчетност на градоначалниците, а кој би овозможил покренување на референдумско прашање за нивна доверба. Во Законот за локалната самоуправа не е уредена постапка за покренување на прашање за доверба или за отповикување на градоначалникот. Градоначалниците се избираат директно од страна на граѓаните, но не постои механизам за нивно отповикување пред истекот на нивниот мандат, освен ако сами не поднесат оставка, во случај на смрт, ако е осуден со правосилна пресуда за кривично дело со казна затвор во времетраење над шест месеци, ако со правосилно решение биде лишен од деловна способност, ако настапи случај на неспоивост во вршење на функцијата, во случај на неоправдано отсуство подолго од шест месеци и ако престане да биде жител на општината.

Во контекст на престанокот на мандатот на градоначалникот, а поврзано со условите за распуштање на советот на општината, низ досегашната примена на Законот се јави за потреба за нормирање на дополнителен основ за престанок на мандатот на градоначалникот ако во предвидениот рок не предложи годишен буџет и годишна сметка на буџетот на општината.

По однос на информирањето на јавноста, Членот 8 од Законот за локалната самоуправа со кој се уредува обврската за органите на општината, комисиите на советот и јавните служби основани од општината да ги информираат граѓаните за својата работа не рефлектира на законската материја уредена со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и на воочената потреба од утврдување на минимум стандарди на транспарентност на општините.

Членот 12 се однесува на развојот на недоволно развиените подрачја на општините, а во Законот за рамномерен регионален развој е уредена материја поврзана со развојот на подрачјата со специфични развојни потреби како заменски термин за недоволно развиени подрачја, па оттаму и потребата од терминолошко усогласување. Дополнително се имаше во предвид и потребата во Законот за локалната самоуправа да бидат уредени основните на процесот на спроведување на политики, програми, мерки и активности кои обезбедуваат економски, социјален и еколошки развој на општините, којшто процес се спроведува од страна на Министерството за локална самоуправа како надлежно министерство за следење на развојот и предлагање на мерки за унапредување на локалната самоуправа, согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Во членот 14 не уредена обврска за планирање на средства за поттикнување на меѓуопштинска соработка.

Членот 22 има потреба од терминолошко усогласување на називи на надлежности со нормативни решенија кои се на сила во низа засебни закони. Истотака, во овој член на законот со кој се уредува делокругот на општинските надлежности не се спомнати надлежностите на општините кои се уредени со засебниот Закон за еднакви можности на жените и мажите. Членот 22 не рефлектира и на безбедноста на заедницата и поврзаните облици на координација и соработка на општините, полицијата и граѓаните, како и не е опфатена и можноста за поттикнување на основање на доброволни противпожарни друштва во општините и за одржување на комунален ред преку воспоставување на комунална редарска служба.

Со членот 24 не беа опфатени мерки и активности во насока на спречување на корупција како и за судирот на интереси, како и за електронското управување и електронските услуги во надлежност на општините и користењето на податоците кои ги генерираат општините.

По однос на облиците на учество на граѓаните, анкетата во општините која ја спроведе Министерството за локална самоуправа во втората половина од минатата година, а на која одговорија 67 од вкупно 81 единица на локалната самоуправа, резултираше со информација за спроведени вкупно 20 граѓански иницијативи во периодот

2023 – прва половина на 2024 година. Високиот праг од најмалку 10% од избирачите на општината, односно на месната самоуправа на која се однесува определеното прашање (член 26/став 3) е идентификуван како клучна причина за малиот број на граѓански иницијативи. Истовремено, граѓаните и нивните здруженија бараат и намалување на рокот од 90 дена за расправа во советот на општината и за информирање на граѓаните за својата одлука, како и поврзано со рокот од 60 дена за доставување на образложен одговор на претставки и предлози (член 29). Во споредба со граѓанските иницијативи, во 41 од 67 анкетирани општини се одржани Буџетски форуми во заедницата, како алатка за директно и активно вклучување на граѓаните во процесот на донесување одлуки на општинско ниво. Иако начинот на спроведување на Форумите во заедницата е уреден со статутите на над 70% од единиците на локалната самоуправа, оваа алатка и нејзината примена не се уредени со Законот за локалната самоуправа.

Имајќи ги официјалните податоци за бројот на населението по општини од Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година, како и имајќи го предвид бројот на членовите на советите утврдени согласно бројот на жители во членот 34 од Законот за локалната самоуправа, потребно беше Владата да донесе нова Одлука за бројот на членовите на советите во општините во Република Северна Македонија.

Бројот на членовите на советот зависи од бројот на жителите во општината, меѓутоа во членот 34 од Законот за локалната самоуправа не е предвидена можност за измени во бројот на членовите доколку се промени бројот на жителите во општините.

Одлуката за утврдување на бројот на членовите на советите која што е донесена во 2004 и во 2013 се заснова на членот 17 став 2 од Законот за територијална организација на локалната самоуправа, којашто всушност е дел од Преодните одредби и не може да биде основ за донесување на други вакви одлуки од страна на Владата, освен на првичната од 2004 година.

По однос на јавноста во работата на советот на општината, со членот 42 не е специфициран начинот на објавување на информациите за седниците и работата на советот на општината и не е утврдена директна обврска за општините да ги објавуваат записниците од јавните седници на советот. Овој недостаток на прецизно законско решение за последица има нестандарден пристап кон овозможување на јавност во работата на советот, кој се разликува од општина до општина.

По однос на правата и должностите на членовите на советот на општината, во практика советниците поставуваат прашања покрај на градоначалникот и на други носители избрани на јавни функции на локално ниво кои се одговорни пред советот, иако таа можност не уредена во законот. Оттаму и потребата овој член од законот да рефлектира на веќе создадена практика во општините.

По однос на надлежностите на градоначалникот утврдена е потреба од допрецизирање на редовноста на известување на градоначалникот за извршувањето на своите надлежности, кон советот на општината.

Имајќи во предвид дека во изминатиот период, во практиката настануваа ситуации на кохабитација (градоначалник и совет од различни политички субјекти), градоначалникот може преку недоставување на предлог-буџет и завршна сметка да предизвика ситуација која ќе доведе до распуштање на советот. Оваа измена е предложена за да се спречат вакviте ситуации и да се воспостави баланс на политичката одговорност меѓу советот и градоначалникот, со цел да се осигура дека овие органи заедно ја преземаат одговорноста за навремено усвојување на буџетот и завршната сметка на општината.

Со оглед на проблемите кои се јавуваа постојано во изминатиот период со одржувањето на јавната чистота во општините, неопходно беше да се изврши законско унапредувањето на општинскиот надзор врз спроведувањето на комуналниот ред во општините преку организирање на комуналната редарска служба за одржување на комуналниот ред.

Дополнително, заради подобрување на состојбите со урбанистичкото планирање во градовите беше неопходно повторно воведување на позицијата главен архитект на градот.

Законот за административни службеници и Законот за вработени во јавниот сектор неминовно ја истакнаа потребата за терминолошко усогласување на поимите кои во тој дел ги користи Законот за локалната самоуправа.

Во однос на условите за распуштање на советот и кумулативното утврдување на буџетот и годишната сметка на буџетот како еден од основите за распуштање на советот, а при тоа имајќи во предвид дека се работи за два посебни документи, се јави за потреба недонесувањето на тие два документи да се одвои во посебни точки, како дел од ставот (2) на членот 75.

## 2. Цели на предлог регулативата

Основна цел на Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за локалната самоуправа е да се подобрат функционалните аспекти на системот на локалната самоуправа, општините да испорачуваат квалитетни услуги на одржлив начин, подеднакво да се грижат за сите граѓани, транспарентно и отчетно да ги спроведуваат надлежностите и конзистентно да ги вклучуваат граѓаните во донесувањето на важните одлуки

Посебните цели на Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за локалната самоуправа се однесуваат на потребата да се унапреди транспарентноста и отчетноста на градоначалниците (преку уредување на постапка за референдумско изјаснување за доверба на градоначалниците), на советите како и на јавните служби во општините, учеството на граѓаните во одлучувањето за прашања од јавен интерес во општините, механизмите за осигурување на комунален ред во општините преку воспоставување на комунална редарска служба, воспоставување на општинските инспекторати, унапредување на безбедноста во заедницата и да се воспостават соодветни механизми за еднакви можности за жените и мажите, спречување на корупцијата и конфликтот на интереси, и дигитализација на општинските услуги.

Непосредна примена на предложените одредби ќе се обезбеди преку материјалните закони од соодветните области, согласно роковите утврдени во преодните одредби на Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за локаланата самоуправа.

## 3. Можни решенија (опции)

### 3.1 Опис на решението „не прави ништо“

Со донесувањето и спроведувањето на Законот за локална самоуправа од 2002 година се овозможи изградба на демократски и транспарентен систем на локалната самоуправа во Републиката. Со законот се воспостави основниот делокруг на надлежности за општините, се осигура начелна финансиска автономија и се утврдија неколку основни механизми за учество на граѓаните во локалното одлучување. Сепак, имајќи во предвид дека од донесувањето на законот изминаа повеќе од две децении, со решението „не прави ништо“ би се оневозможило подобрување на одредени функционални аспекти на системот на локалната самоуправа. Евидентираните правни празнини, недоречености и воочени потреби за усогласувања доколку не се адресираат и понатаму ќе продолжат да го отежнуваат спроведувањето на дел од одредбите од законот.

Решението „не прави ништо“ би значело и понатамошно отсуство на конкретен механизам за осигурување на отчетност на градоначалниците, а кој би овозможил покренување на референдумско прашање за нивна доверба од страна на граѓаните, доколку не се задоволни од нивната работа. Неуредената обврска за планирање на средства за поттикнување на меѓуопштинска соработка резултира со низок степен на искористување на овој механизам иако истиот е од суштинско значење во едностепената локална самоуправа. Понатаму, поради не до крај прецизните и

недоволно разработените одредби поврзани со доброто владеење во локалната самоуправа ќе продолжи практиката различни општини на различен начин во своите статути да ги уредуваат аспектите поврзани со информирањето на јавноста, отчетноста и учеството на граѓаните во носењето на одлуките од страна на органите на општините. По однос на учеството на јавноста, постоечкото решение со прагот за граѓанските иницијативи обесхрабрува поредовно користење на овој механизам. Истовремено, по однос на делокругот на надлежности кој е утврден со законот, неопходно е терминолошко усогласување со засебните закони со кои се доуредуваат пренесените надлежности на општините со цел да се создаде добро интегрирана нормативна рамка, а со тоа и овозможувачка околина за сеопфатен, интегрален, методичен и одржлив развој на општините. Во овој контекст треба да се истакне и дефицитот на одредби во законот со кои би се уредило одржувањето на комуналниот ред, еднаквите можности на мажите и жените, безбедноста во заедницата, спречувањето на корупцијата и конфликтот на интереси и дигитализацијата на локалните услуги.

### 3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот

Со предложените измени и дополнувања на Законот за локалната самоуправа би се допрецизирале постоечките одредби на кои се однесуваат предлозите и би се вградиле нови одредби низ чие спроведување се очекува да се надминат воочените предизвици. На тој начин би се воспоставил силен но истовремено демократски, фер и правичен механизам за осигурување на отчетност на градоначалниците, а кој би овозможил покренување на референдумско прашање за нивна доверба доколку граѓаните не се задоволни од нивната работа. Со измените на законот се предлага во буџетот на министерството надлежно за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа да се планираат средства за поттикнување на меѓуопштинска соработка. Покрај оваа интервенција, во законот за прв пат би се рефлектирало на правната материја поврзана со одржување на комуналниот ред преку воспоставување на комунална редарска служба, еднаквите можности на жените и мажите, безбедноста во заедницата, спречувањето на корупцијата и конфликот на интереси, дигитализацијата на општинските услуги, задолжително воспоставување на општинските инспекторати и воведување на функцијата Главен градски архитект во општините чие седиште е во град. Не помалку значајно е и намалувањето на прагот само кај граѓанските иницијативи и рокот за повратен одговор и на тој начин овозможување поефикасна примена на овој механизам за учество на јавноста. На ова решение се надоврзуваат и решенијата за уредување на форумите во заедницата, допрецизирање на обезбедувањето на јавност во работата на советот на општината, проширување на институтот „советнички прашања", и уште два аспекта поврзани со престанок на мандатот на градоначалникот и кај условите за распуштање на советот.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

**Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:**

### 4.1 Економски влијанија

Анализираните решенија ќе предизвикаат позитивни економски влијанија: Подобрувањето на функционалноста на општините ќе го зголеми квалитетот на живот на граѓаните, придонесувајќи за забрзан економски раст и развој и ќе придонесе да се создаде поволен локален инвестициски амбиент.

Опцијата „не прави ништо" нема да предизвика економски влијанија.

### 4.2 Фискални влијанија

Анализираните решенија имаат фискални влијанија.

Со измените на законот се предлага во буџетот на министерството надлежно за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа да се планираат средства за поттикнување на меѓуопштинска соработка.

Единиците на локалната самоуправа со седиште во град треба да определат дополнителни средства од основниот буџет на општината за плата и надоместоци за Главниот архитект на градот и комуналната редарска служба, како и за обезбедување на примена на одредбите кои се однесуваат на транспарентноста, обезбедување на вклучување на граѓаните во процесот на донесување на одлуки на локално ниво.

Единиците на локалната самоуправа во рамките на своите буџети треба да обезбедат финнсиски средства за имплементација на одредбите од Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за локалната самоуправа.

Опцијата „не прави ништо" нема да предизвика фискални импликации.

### 4.3 Социјални влијанија

Анализираните решенија немаат поспецифични социјални влијанија со исклучок на генералното позитивно влијание од предложените измени врз ефективноста и ефикасноста на пропишаните механизми за вклучување на сите засегнатите страни вклучувајќи ги ранливите и маргинализираните групи од населението во процесите за носење на одлуки во општините.

Опцијата „не прави ништо" нема да предизвика дополнителни социјални влијанија .

### 4.4 Влијанија врз животната средина

Анализираните решенија кои се однесуваат на главниот архитект на градот и на комуналната редарска служба се очекува да имаат позитивно влијание врз животната средина.

Опцијата „не прави ништо" придонесува за негативни влијанија врз животната средина.

### 4.5 Административни влијанија и трошоци

**а) трошоци за спроведување**

Анализираните решенија предизвикуваат дополнителни трошоци за спроведување во делот на обезбедување на транспарентноста, обезбедување на вклучување на граѓаните во процесот на одлучување на локално ниво, комуналната редарска служба, главните архитекти.

Административни влијанија има и во однос на постапка која треба да се спроведе а со цел планирањето и доделувањето на средствата за поттикнување на меѓуопштинската соработка и во однос на постапката за планирање и следење на развојот на локалната самоуправа.

За почитување на препорачаното решение, како дополнителни можни трошоци може да се наметнат како основна плата и додатоци на плата кои се предвидени за ангажирање на нов кадар, за задржување на постојниот кадар и за привлекување на дефицитарен кадар.

**б) трошоци за почитување на регулативата**

Предложените решенија нема да предизвикаат трошоци за граѓаните и за приватниот сектор.

## 5. Консултации

### 5.1 Засегнати страни и начин на вклучување

Министерството за локална самоуправа подготви методологија и оперативен план за водење на сеопфатен партиципативен процес за формулирање на Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за локалната самоуправа. Процесот на изменување и дополнување на Законот беше спроведен од страна на работна група формирана во Министерството за локална самоуправа и експертски тим ангажиран во рамките на проектот „Зајакнување на општинските совети" Втора фаза, имплементиран од страна на УНДП.

Согласно утврдената методологија беа спроведени следниве чекори:

- Канцелариско истражување и анализа на податоци и информации поврзани со состојбите во системот на локалната самоуправа и предлозите за негово подобрување. Појдовен документ за канцелариското

истражување беше Извештајот за оценка на спроведувањето на Законот за локалната самоуправа, подготвен од Министерството за локална самоуправа во 2020 година низ сеопфатен процес на консултации со засегнатите страни. Покрај овој извештај во предвид за анализа беа земени други извештаи вклучувајќи и анкетни извештаи, подготвени изминативе неколку години, а кои се однесуваат на општи и специфични аспекти поврзани со функционирањето на локалната самоуправа како и јавно достапни иницијативи, предлози и мислења на засегнатите страни.

- Организација на консултативни настани со засегнатите страни и подготовка на Извештај од консултациите. Во периодот декември 2024 – февруари 2025 година, беа организирани и спроведени 4 регионални настани (Битола, Штип, Тетово и Скопје) за време на кои беа мапирани предлози, коментари и мислења од засегнатите страни. Вклучени засегнати страни на овие консултативни настани беа претставници од општини, невладин сектор и бизнис заедницата.
- Министерството за локална самоуправа на 21.10.2024 година објави Известување за почеток на процес на подготовка на Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за локалната самоуправа, со што од тој ден на сите заинтересирани страни и на пошироката јавност им беше овозможено да дадат предлози и свои мислења и согледување на состојбите, а со цел подготовка на добро осмислени, аргументирани и целисходни нормативни интервенции.

### 5.2 Преглед на добиените и вградените мислења

Во извештајот за ПВР е дадена табела со сите добиени и вградени мислења.

### 5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто

Во извештајот за ПВР е дадена табела со сите добиени мислења кои не беа земени во предвид со нивно образложение.

## 6. Заклучоци и препорачано решение

### 6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)

**1. Спроведување на постоечкото законско решение (опција „не прави ништо“)**

**Негативни влијанија** – Решението „не прави ништо“ не овозможува понатамошно унапредување на системот на локалната самоуправа во Републиката вклучувајќи и унапредување на спроведувањето на начелата на доброто владеење. Градоначалниците нема да можат да бидат отповикани доколку граѓаните не се задоволни од нивната работа. Ќе продолжи практиката различни општини на различен начин во своите статути да ги уредуваат аспектите поврзани со информирањето на јавноста, отчетноста на органите на општината и учеството на граѓаните во носењето на одлуките од страна на органите на општините. Постоечките решение поврзани со механизмите за учество на јавноста не ги даваат очекуваните резултати поради малата примена во пракса.

**Позитивни влијанија** –нема.

**2. Изменување и дополнување на постоечкиот закон**

**Негативни влијанија –** нема

**Позитивни влијанија -** Со предложените измени и дополнувања на Законот за локалната самоуправа би се допрецизирале постоечките одредби на кои се однесуваат предлозите и би се вградиле нови одредби низ чие спроведување се очекува да се надминат воочените предизвици. Овие интервенции вклучуваат: воспоставување на механизам за отчетност на градоначалниците преку референдумско прашање за нивна доверба доколку граѓаните не се задоволни од нивната работа; обезбедување на средства за поттикнување на меѓуопштинската соработка; за прв пат внесување на одредби за одржување на комуналниот ред преку воспоставување на комуналната редарска служба, еднаквите можности на жените и мажите, безбедноста во заедницата, спречувањето на корупцијата и конфликот на интереси, задолжително воспоставување на општински инспекторати и Главен градски архитект во општините со седиште во град, како и на дигитализацијата на општинските услуги;

овозможување на поефикасно искористување на граѓанските иницијативи преку намалување на прагот и рокот за повратен одговор вклучувајќи и намалување на рокот за давање на образложен одговор на претставки и предлози; уредување на форумите во заедницата; допрецизирање на обезбедувањето на јавност во работата на советот на општината, проширување на институтот „советнички прашања" и допрецизирање на условите за престанок на мандатот на градоначалникот и распуштање на советот.

**6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)**

Ризикот од избор на решението „не прави ништо" е дека истиот не обезбедува напредок на реформата на системот на локалната самоуправа и нема да се подобрат функционалните аспекти во функционирањето на општините и испорачувањето на услугите кон граѓаните.

Предложените измени и дополнувања на Законот за локалната самоуправа се конципирани на јасен начин и притоа е водена сметка истите да бидат спроведливи. Предложените решенија не предизвикуваат негативни социо-економски влијанија, негативни влијанија врз животната средина и административни влијанија и трошоци, а фискалните влијанија се минимални.

Ризик за спроведување на предложените измени е ако не се обезбедат средства за поттикнување на меѓуопштинската соработка. Стимулирање и поттикнување на меѓуопштинската соработка за дејности кои се од суштинско значење за функционирањето ан општините, во услови на нивни недоволни капацитети е од суштинско значење за да се обезбеди испорака на услуги кон сите граѓани од страна на сите општини во рамките на нивните закоснки доделени надлжности.

Истотака, ризик постои и ако не се обезбедат и финансиски средства за вработување на потребните лица (комунални редари, главни архитекти) кои треба да обезбедат примена на предложените законски решенија, како и ако општините не обезбедат средства заради обезбедување на поголема транспарентност во нивното работење и за поголемо вклучување на процесот на донесување на одлуки на локално ниво.

**6.3 Препорачано решение со образложение**

Се препорачува донесување на Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за локалната самоуправа со кој ќе унапредат следниве аспекти на функционирањето на системот на локалната самоуправа во Републиката. Ќе се воспостави силен но истовремено демократски, фер и правичен механизам за осигурување на отчетност на градоначалниците, преку овозможување да се покрене референдумско прашање за нивна доверба доколку граѓаните не се задоволни од нивната работа. Ќе се унапреди информирањето на јавноста, преку утврдување на минимум стандарди на транспарентност на општините. Со измените на законот се предлага во буџетот на министерството надлежно за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа да се планираат средства за поттикнување на меѓуопштинска соработка. За прв пат во законот ќе се наведе одржувањето на комуналниот ред и соодветните механизми за негово одржување како што е комуналната редарска служба и ќе се извршат и други терминолошки усогласување на називи на надлежности со нормативни решенија кои се на сила во засебните закони, како што се еднаквите можности на жените и мажите, безбедноста во заедницата, спречувањето на корупцијата и на судирот на интереси, електронското управување и електронските услуги во надлежност на општините и користењето на податоците кои ги генерираат општините. Со измените се предвидува именување на Главен градски архитект во општините со седиште во град со цел поефикасно и поефективно да се адресираат предизвиците во областа на урбанистичкото планирање. Ќе се унапреди и учеството на граѓаните преку намалувањето на прагот за граѓанските иницијативи и рокот за добивање на одговор од страна на органите на општината и рокот за добивање на образложен одговор на претставки и предлози, како и преку уредување на алатката - Форуми во заедницата. Ќе се допрецизира и институтот „советнички прашања" како и начинот и редовноста на известување на градоначалникот за извршувањето на своите надлежности, кон советот на општината. Ќе се зајакнат и одредбите поврзани со условите за престанокот на мандатот на градоначалникот и за распуштање на советот на општината и ќе предлагаат решенија поконкретно образложени во Точката 1.2 од овој Извештај

## 7. Спроведување на препорачаното решение

**7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области**

Има потреба од менување на закони и подзаконски акти во други сродни области освен во областа на која се однесува Законот за локалната самоуправа.

- Закон за комунални дејности
- Закон за урбанистичко планирање
- Закон за референдум и други облици на непосредно изјаснување.

Финална листа на закони кои е потребно да се менуваат ќе биде утврдена во соработка со надлежните министерства.

**7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување**

Подзаконските акти ќе се донесат во рок од 90 дена од денот на влегување во сила на овој закон.

- Правилник за утврдување на минимум стандарди на транспарентност;
- Правилник со методологија за организирање на форумите во заедницата, јавни трибини, анкети и предлози од граѓаните;

**7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување**

- Министерството за локална самоуправа,
- Единиците на локалната самоуправа.
- Надлежните министерства и
- Заедницата на единиците на локалната самоуправа.

**7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на Закон**

Поврзано со потребата од ефикасно спроведување на предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за локалната самоуправа, Министерството за локална самоуправа на барање на општините и во рамки на редовната комуникација со нив, согласно потребите ќе организира консултации, состаноци и обуки.

## 8. Следење и евалуација

**8.1 Начин на следење на спроведувањето**

Ефектите од спроведување на решението ќе се следат од страна на Министерството за локална самоуправа. Со цел добивање на повратни информации за имплементација на регулативата ќе се одржат состаноци со претставници на општините за да се утврди дали посакуваните резултати се постигнати, како и ќе се прибираат податоци од засегнатите страни преку прашалници.

Министерството за локална самоуправа врз основа на прибраните податоци ќе подготвува извештаи за оценка на спроведувањето на Законот за локалната самоуправа

**8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови**

Евалуација на ефектите ќе се изврши по истекот на 24 месеци од започнување на примената на овој закон, врз основа на следните индикатори:

- Број на општини кои имплементираат минимум стандарди на транспарентност;
- Број на општини со воспоставена комунална редарска служба;
- Број на општини со воспоставен инспекторат во сите области од локална надлежност;
- Број на општини со седиште во град со именуван Главен градски архитект;
- Број на референдуми со прашање за доверба на градоначалникот;
- Број на граѓански иницијативи во општините;
- Број на одржани Форуми во заедницата, во општините;
- Број на општини кои ги објавуваат информациите за седниците и работата на советот на веб-страницата на општината и преку други дигитални канали за јавна комуникација и информирање;
- Број на донесени акти поврзани со процесот на планирање, поттикнување и следење на развојот на локалната самоуправа;

- Број на склучени договори за остварена меѓуопштинска соработка;
- Број на иницирани закони во соработка со Заедницата на единиците на локалната самоуправа;
- Зголемување на процентот на задоволството на граѓаните од одржувањето на комуналниот ред и од урбанистичкото планирање кое го спроведуваат граѓанатите, во споредба со претходната година;
- Зголемување на процентот на задоволството на граѓаните од извршувањето на функцијата градоначалник на единица на локалната самоуправа, во споредба со претходната година.

**Изјава од државниот секретар**

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Датум:_____________**

**потпис на државен секретар**

**Изјава од министерот**

**Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.**

**Датум: ___________**

.........................................

**потпис на Министерот**